**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**
**Бр.028/5**
**Скопје, 28.03.2016 г.**

Врз основа на член 49 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија (во натамошен текст Уготур А.Д.-Скопје) како и членовите 457,459,460, а во врска со членовите 455 и 456 од ЗТД, Одборот на директори на ден 28.03.2016 г. ја разгледа и потврди предлог одлуката предложена од извршниот директор

**Предлог**

**О Д Л У К А**
**За одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна**

**Член 1.**

Се ОДОБРУВА голема зделка и зделка со заинтересирана страна која се однесува на набавка на стоки и услуги на Уготур А.Д.-Скопје како продавач и купувач од Фершпед А.Д.-Скопје како купувач и продавач на стоки и услуги.

ЗДЕЛКА

**Член 2.**

1.Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки (суровини и материјали за производство на оброци за исхрана) и корисник на услуги во висина од 16.000.000,00 денари и останати услуги во висина од 2.000.000,00 денари.

2.Уготур А.Д.-Скопје како продавач давател на услуги во висина од 300.000,00 денари или вкупниот износ на зделката по точките 1 и 2 18.300.000,00 денари.

3.Фершпед А.Д.-Скопје како продавач и купувач на стоки и давател на услуги во обем и висина како во точка 1 и 2 во вкупен износ 18.300.000,00 денари.
Вредноста на зделката претставува 60,30% од активата на Друштвото која изнесува 30.344,664,00 денари во деловната 2015 г.со што се исполнети условите за зделка со заинтересирана страна согласно ЗТД.

**Член 3.**

Заинтересирани страни од член 1 на оваа Одлука се:
Фершпед А.Д.-Скопје од причина што истиот е акционер во Уготур А.Д.-Скопје каде поседува 24,37% од акциите со право на глас кој се јавува како продавач и Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки и услуги.

**Член 4.**

Зделката со заинтересирана страна да се достави на одобрување од Собранието на акционери поради тоа што вредноста на зделката изнесува 60,30% од активата на друштвото.

**Член 5.**

Се задолжува извршниот директор до годишното Собрание на акционери на друштвото да обезбеди информација за уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од независен и овластен ревизор, заради оправданост на зделката со заинтересирана страна, со предлог одлука.

**Член 6.**

Со донесување на оваа одлука, друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговски друштва и важечкиот Статут на друштвото.

**Извршен директор**

**/Александар Наумоски/**